Врз основа на член 47 став 1 точка 6 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15 и 6/16) и член 65-ж став 2 и 8 од Законот за банките („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/07, 90/09, 67/10, 26/13, 15/15, 153/15 и 190/16), Советот на Народната банка на Република Македонија донесе

# О Д Л У К А
# за методологијата за утврдување на максималниот износ за распределба на резултатот од работењето
# („Службен весник на Република Македонија“ бр. 26/17)

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

1. Со оваа одлука се пропишува методологијата за утврдување на максималниот износ за распределба на резултатот од работењето на банките (во понатамошниот текст: максимален износ за распределба) којашто ги опфаќа:
- начинот на утврдување на максималниот износ за распределба;
- начинот и содржината на известувањето на Народната банка на Република Македонија (во понатамошниот текст: Народната банка);
- содржината на планот за зачувување на капиталот.

2. На термините коишто не се дефинирани во оваа одлука се применува значењето утврдено со Законот за банките и Одлуката за методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот (во понатамошниот текст: методологијата за адекватноста на капиталот).

## II. НАЧИН НА УТВРДУВАЊЕ НА МАКСИМАЛНИОТ ИЗНОС ЗА РАСПРЕДЕЛБА

3. Максималниот износ за распределба се утврдува како производ на расположливиот износ за распределба, утврден согласно со точката 4 од оваа одлука и соодветниот фактор за распределба, утврден согласно со точката 5 од оваа одлука.

Банката е должна да го пресмета максималниот износ за распределба од ставот 1 од оваа точка пред да преземе која било од следниве активности:

- да изврши распределба на резултатот од работењето поврзана со позициите од редовниот основен капитал;
- да преземе обврска за исплата на варијабилни надоместоци или да исплати варијабилни надоместоци; и
- да врши исплата врз основа на инструментите коишто се дел од додатниот основен капитал.

4. Расположливиот износ за распределба се добива кога збирот на износите од алинеите 1 и 2 од оваа точка ќе се намали за износот од алинејата 3 од оваа точка, имајќи ги предвид одредбите од Законот за трговските друштва:

- тековната добивка остварена во текот на определен временски период пократок од една календарска година којшто не е вклучен во пресметката на

редовниот основен капитал на банката, согласно со методологијата за адекватноста на капиталот, а кој е остварен по донесувањето на последната одлука за распределба на финансискиот резултат од страна на Собранието на банката или по преземањето на некоја од активностите од точката 3 став 2 од оваа одлука;

- добивката на крајот на годината остварена во текот на една календарска година којшто не е вклучен во пресметката на редовниот основен капитал на банката согласно со методологијата за адекватноста на капиталот, а кој е остварен по донесувањето на последната одлука за распределба на финансискиот резултат од страна на Собранието на банката или по преземање на некоја од активностите од точката 3 став 2 од оваа одлука;
- данокот којшто би требала да го плати банката за тековната добивка и/или за добивката на крајот на годината, доколку тие би се вклучиле во задржаната нераспределена добивка од редовниот основен капитал на банката.

5. Факторот за распределба се утврдува врз основа на износот на редовниот основен капитал кој, согласно со Законот за банките, може да се користи за исполнување на вкупниот износ на заштитни слоеви на капиталот (во понатамошниот текст: вишок на редовниот основен капитал).

Факторот за распределба изнесува:

- 0, доколку вишокот на редовниот основен капитал е помал или еднаков на 25% од вкупниот износ на заштитни слоеви на капиталот;
- 0,2, доколку вишокот на редовниот основен капитал е поголем од 25%, но помал или еднаков на 50% од вкупниот износ на заштитни слоеви на капиталот;
- 0,4, доколку вишокот на редовниот основен капитал е поголем од 50%, но помал или еднаков на 75% од вкупниот износ на заштитни слоеви на капиталот;
- 0,6, доколку вишокот на редовниот основен капитал е поголем од 75%, но помал од 100% од вкупниот износ на заштитни слоеви на капиталот;
- 1, доколку вишокот на редовниот основен капитал е еднаков или поголем од вкупниот износ на заштитни слоеви на капиталот.

## III. НАЧИН И СОДРЖИНА НА ИЗВЕСТУВАЊЕ НА НАРОДНАТА БАНКА

6. Банката е должна да доставува извештај до Народната банка за факторот за распределба од точката 5 од оваа одлука, најмалку на полугодишна основа, врз основа на податоците за висината на вишокот на редовниот основен капитал со состојба на 30 јуни и 31 декември.

7. Рокот за доставување на извештајот од точката 6 од оваа одлука со состојба на 30 јуни е петнаесет работни дена, додека рокот за доставување на извештајот од точката 6 од оваа одлука со состојба на 31 декември е пет работни дена по истекот на рокот за доставување на неревидираниот годишен финансиски извештај.

8. Пред да изврши која било од активностите од точката 3 став 2 од оваа одлука, банката е должна да ги достави следниве податоци до Народната банка:

- извештајот од точката 6 од оваа одлука, изработен врз основа на податоците со состојба на последниот ден од месецот пред доставувањето на известувањето од оваа точка;

- расположливиот износ за распределба со одделно наведување на износите од точката 4 алинеи 1, 2 и 3 од оваа одлука;
- максималниот износ за распределба, утврден согласно со точката 3 од оваа одлука;
- износот што банката има намера да го распредели или исплати.

## IV. ПЛАН ЗА ЗАЧУВУВАЊЕ НА КАПИТАЛОТ

9. Банката којашто не го исполнува вкупниот износ на заштитни слоеви на капиталот е должна да изработи план за зачувување на капиталот, којшто го доставува до Народната банка најдоцна во рок од десет дена по датумот кога утврдила дека повеќе не го исполнува вкупниот износ на заштитни слоеви на капиталот.

Заедно со планот од ставот 1 од оваа точка, банката којашто не го исполнува вкупниот износ на заштитни слоеви на капиталот е должна да ги достави и податоците од точката 8 од оваа одлука до Народната банка.

10. Планот за зачувување на капиталот треба да одговара на обемот и сложеноста на активностите коишто ги врши банката.

11. Планот за зачувување на капиталот треба да ги содржи најмалку следните елементи:

- проекција на приходите и расходите, како и на позициите од билансот на состојба;
- план со активности и динамика за зголемување на редовниот основен капитал заради исполнување на утврдениот вкупен износ на заштитни слоеви на капиталот;
- други податоци коишто се потребни за оцена на соодветноста на планот за зачувување на капиталот.

Народната банка може да побара дополнителни информации и податоци од банката коишто смета дека се потребни за оцена на соодветноста на планот за зачувување на капиталот.

Банката е должна да ги извршува активностите предвидени во планот за зачувување на капиталот, одобрен од Народната банка, согласно со предвидената динамика.

## V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

12. Гувернерот на Народната банка го пропишува начинот на спроведување на оваа одлука со упатство.

13. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија.

**О бр. 02-15/II-4/2017**
**27 февруари 2017 година**
**Скопје**

**Гувернер**
**и претседавач**
**на Советот на Народната банка**
**на Република Македонија**
**Димитар Богов**